Предметна програма од втор циклус студии					
1.	**Наслов на предметот**	**Економија на европската интеграција**			
2.	**Код**	ME3202			
3.	**Студиска програма**	Меѓународна економија			
4.	**Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)**	Економски институт, Скопје, УКИМ			
5.	**Степен (прв, втор, трет циклус)**	Втор циклус			
6.	**Академска година/семестар**		7.	Број на ЕКТС	6
8.	**Наставник**	Проф. д-р Силвана Мојсовска Проф. д-р Снежана Костадиноска Милошеска			
9.	**Предуслови за запишување на предметот**	*Завршен прв циклус студии (180 кредити)*			

Цели на предметната програма:

Целта на предметната програма по Економијата на европската интеграција треба да им овозможи на студентите да се запознаат со теоретските основи на европската економска интеграција, со институциите на ЕУ, со практичните процеси и политики на интеграција, проширувањето и продлабочувањето на интеграцијата, како и со еволуцијата, суштината и предизвиците на економското интегрирање на Република Македонија во ЕУ.

Оспособен за (компетенции):

Со совладување на предметната програма од овој предмет, студентите ќе се запознаат со историскиот процес и динамиката на процесот на европската економска интеграција, како најнапредна форма на интеграција на денешницата, како и со институциите преку кои функционира Европската унија. Преку стекнување на знаења за заедничкиот пазар на ЕУ кој се одликува со слободен проток на стоки, услуги, капитал и луѓе, процесот на негово создавање, детерминантите и ограничувањата, студентите ќе се оспособат за анализа и дискусија за економските придобивки за членките на Европската унија. Понатаму, студентите ќе се оспособат за аналитичко-критички пристап кон процесите и ограничувањата при европската економска интеграција, преку проучување на заедничките политики на ЕУ во областа на земјоделството, индустријата, енергијата, услугите и транспортот, нивните карактеристики, достигнатиот степен на интеграција и перспективите за идниот развој. Исто така, преку проучување на условите за врамнотежен раст на ЕУ, на процесите на пазарна и монетарна и интеграција, редистрибуцијата преку кохезионите политики, како и надворешната политика на ЕУ, студентите ќе се оспособат за длабинско разбирање на предизвиците при понатамошното интегрирање на Унијата. Предметот содржи и аспект посветен на интеграцијата на Република Македонија, што ќе им обезбеди на студентите знаења за следење, разбирање и коментирање на тековните случувања во оваа област.

11. **Содржина на предметната програма:**

1. Историја и динамика на процесот на економска интеграција
   a. Договорите од Париз, Рим и Мастрихт

	b. Од зона на слободна трговија до економска, монетарна и политичка интеграција 2. Институции на ЕУ a. Европски Совет b. Совет на Министри c. Европски Парламент d. Европска Комисија e. Европски суд на правдата f. Европски суд на ревизори g. Други институции на ЕУ 3. Заеднички пазар на ЕУ a. Слободно движење на стоки, услуги, труд и капитал b. Заеднички политики на Унијата 4. Сектори на активност - Земјоделство - Индустрија - Енергија - Услуги - Транспорт 5. Политика на проширување на ЕУ 6. Услови за врамнотежен раст и надворешни односи на ЕУ 7. Економско интегрирање на Република Македонија во ЕУ
	Методи на учење: Предавања и интерактивна настава поддржана со компјутерски и видео презентации, надополнети со дискусии, изработка на групни или индивидуални семинарски работи и нивна јавна презентација и одбрана. Во текот на предавањата ќе се практикува поттикнување на дискусии, форуми и дебати. Предвидени се и консултации со студентите.

13.	**Вкупно расположлив фонд на време**		15 недели 6 ЕКТС x 30 часа = 180 часа	
14.	**Распределба на расположливото време**		12 недели + 3 недели консултации 30+15+135=180 часови	
15.	**Форми на наставните активности**	15.1.	Предавања-теоретска настава	30 часа
		15.2.	Вежби (лабораториски, аудиторски), семинари, тимска работа	15 часа
16.	**Други форми на активности**	16.1.	Проектни задачи	40 часа
		16.2.	Самостојни задачи	40 часа
		16.3.	Домашно учење	55 часа

17.	**Начин на оценување**		
	17.1.	Тестови	60 бода
	17.2.	Семинарска работа/проект (презентација: писмена и усна)	30 бода
	17.3.	Активности и учество	10 бода

18.	**Критериуми за оценување (бодови/оценка)**	до 61 бода	5 (пет) (F)
		од 61до 68 бода	6 (шест) (E)
		од 69 до76 бода	7 (седум) (D)
		од 77до 84 бода	8 (осум) (S)
		од 85 до 92 бода	9 (девет) (B)

					од 93 до 100 бода	10 (десет) (А)
19.	**Услови за потпис и полагање на завршени испити**			Редовност на настава и вежби, проектна задача		
20.	**Јазик на кој се изведува наставата**			Македонски		
21.	**Методи на следење на квалитетот на наставата**			Механизми на интерна евалуација		
22.	**ЛИТЕРАТУРА**					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Molle, Willem	Економија на европската интеграција	Ashgate	2006
		2.	Ричард Балдвин и Чарлс Виплоц	Економија на европска интеграција, превод	Арс Ламина, Скопје	2011
		3.	European Commission	EU Progress Report of Macedonia	EC	2012-2016
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	European commission	Eu 2016: From trends to policies	European political strategy centre	2009
		2.	European commission	European union public finance, 5th edition	Publication Office of EU	2014
		3.	European commission	An introduction to eu cohesion policy 2014-2020	EC	2014
		4.	European commission	Multiannual financial framework 2014–2020, the figure	Publication Office of EU	2014